Roche

# Важни безбедносни информации за пациентите кои го примаат лекот *Lunsumio*▼ *(mosunetuzumab)*

## Картичка за пациентот

- Ве молиме постојано да ја носите оваа картичка со себе додека го примате лекот Lunsumio (mosunetuzumab).
- Покажете ја оваа картичка на секој лекар кој е вклучен во Вашето лекување

▼ *Овој лек подлежи на дополнително следење. Ова ќе овозможи брза идентификација на нови безбеносни информации. Вие можете да помогнете со пријавување на секоја несакана реакција која што може да ја добиете*

---

## Информации за пациентот

Веднаш контактирајте го Вашиот лекар или побарајте итна помош доколку имате некој од овие симптоми:

- Треска (100.4°F/38°C или повисока)
- Брзо или неправилно чукање на срцето
- Тресење или морници
- Конфузија
- Силен замор или слабост
- Отежнато дишење
- Вртоглавица или зашеметеност
- Несвестица или заматен вид
- Ладна или бледа леплива кожа
- Главоболка

---

Доживувањето на некои од овие симптоми може да се должи на **Синдромот на ослободување на цитокини,** кој бара итен преглед од лекар.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP • СКОПЈЕ

Синдром на ослободување на цитокини

- е група на симптоми предизвикани од мали протеини наречени цитокини, кои се ослободуваат во Вашето тело за време на воспаление.
- Може да се предизвикани од примањето на лекот Lunsumio (mosunetuzumab)

## Информации за лекарот што лекува

Овој пациент го примил лекот Lunsumio (mosunetuzumab) - **што може да предизвика Синдром на ослободување на цитокини (CRS).**

- Веднаш прегледајте го пациентот и лекувајте ги симптомите.
- Доколку се сомневате за CRS, Ве молиме погледнете го делот 4.8 во Збирниот извештај за особините на лекот и делот за целосни упатства за управување со CRS.
- **Контактирајте го лекарот што ја препишал дозата на лекот,** кога е возможно–можеби ќе треба да ја модифицира следната инфузија на

Име на пациентот :

Име на лекарот што го препишува лекот:

Телефонски број на лекарот што го препишува лекот:

Датум на започнување на терапија со лекот Lunsumio:

лекот Lunsumio.

---

## Информации за контакт

За повеќе информации во врска со лекот Lunsumio (mosunetuzumab) прочитајте во упатството за употреба

на лекот кое е достапно на страната на Агенцијата за лекови и медицински средства (МАЛМЕД) https://lekovi.zdravstvo.gov.mk/drugsregister/overview

Пријавување на несакани дејства

Ве молиме пријавете го секој сомнеж за несакани дејства од лекот Lunsumio кај Вашиот лекар. Ова ги вклучува и сите можни несакани дејства кои не се наведени во упатството за употреба на лекот. Несаканите дејства од лековите може да ги пријавите и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1, Скопје) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/ .

Дополнително, несаканите дејства од овој лек можете да ги пријавите и на носителот на одобрението за ставање на лекот во промет во Република Северна Македонија:

РОШ Македонија ДООЕЛ Скопје
Адреса: ул. Максим Горки 13 кат 3
1000 Скопје, Р. Северна Македонија
Контакт: Панче Караланов
Одговорно лице за фармаковигиланца
Тел: 070/261461
e-mail:pance.karalanov@roche.com

Картичка за пациентот - Верзија 1.0.1

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ •